08-1247/4
14 03 23

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 7 и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 ) и извештајот од стручната комисија бр.08-1247/3 од 31.01.2023 година, Одборот за акредитација на високото образование, на 51 -та седница одржана на 27.01.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на ментор на докторски студии**

1. Д-р Милош Јовановиќ, вонреден професор на студиските програми Компјутерски науки и инженерство, Информатика, на Факултет за информатички науки и комопјутерско инженерство, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, се акредитира за ментор на докторски студии на студиските програми Компјутерски науки и инженерство, Информатика, од трет циклус бр. на акредитација1409-275/3 од 19.06.2018 и 1409 - 275/2 од 19.06.2018 година.
2. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.
3. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По донесеното барање 03 - 1779/2 од 13.12.2022 година (наш бр.08 - 1247/1 од 14.12.2022 година) за акредитација на ментор на докторски студии на студиска програма Компјутерски науки и инженерство, Информатика, на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, за проф. д-р Милош Јовановиќ.

Одборот за акредитација на високото образование, на 49 - та седницата одржана на 23.12.2022 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација на ментор на докторски студии, со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр. 08 - 1247/3 од 31.01.2023 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21) и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 49 - та седница одржана на 23.12.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова